20251813813

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 2 и член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 32 став 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 август 2025, донесе

ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012,26/2012, 54/2012, 98/2013, 138/2014, 156/2014 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 45/2022, 114/2022 и 64/2023), во членот 2 во ставот 1 во точката 1, по алинејата 20 во табелата се додава нова алинеја 21 која гласи:

- за лековите кои според својот АТЦ код спаѓаат во групата L – „Антинеопластични и имуномодулирачки лекови“	50.00

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-19669/1
20 август 2025 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дритан Даути, с.р.